# ЗАПИСНИК

ОД БУЏЕТСКИ ФОРУМ 2023

ЗА ГРАЃАНИТЕ НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО

**Датум:** 30.11.2022 година **Место:** ОСУ ,,Ацо Русковски **Час:** 11:00

**Присутни граѓани:** Вкупно 31

Мажи: 14 Жени: 17

**Модератор** – Елица Јовевска , **Ко-модератор** – Никола Каракашов

**Форумската сесија ја имаше следнава агенда**

АГЕНДА

„Формирање на општински буџет за 2023 година на Општина Пехчево"
во просториите на ОСУ „Ацо Русковски", 30.11.2022 година

10:30 – 11:00 Пристигнување и регистрација на учесниците
11:00 – 11:15 Добредојде на присутните и вовед во програмата
11:15 – 11:20 Воведно обраќање на Градоначалникот на Општина Пехчево
11:20 – 11:35 Презентација на буџетски форумски процес

---

11:35 – 12:00
- Процес на буџетирање
- Структура на буџетот на општина Пехчево

12:00 – 12:30
- Утврдување на правилата за работа
- Утврдување на структурата на форумот
- Распределување на граѓаните по работни маси

12:30 – 13:00 Кафе пауза

13:00 - 13:20 Преглед на реализација на приоритетни проекти во 2022 година

13:20 – 13:40 Приоритети за развој на општина Пехчево за 2023 година

Дискусија ( Предлози на граѓаните )

13:40 – 14:00 Рангирање на приоритетни проекти

14:00 – 14:30 Заклучоци, прашања и затварање на форумската сесија

На почетокот на форумската сесија се обрати модераторката Елица Јовевска, ги поздрави присутните, граѓаните на општина Пехчево, претставници на бизнис секторот, НВО секторот, претставници од политичките партии, претставници од институциите, од средношколската заедница, советниците на општината, општинската администрација, Градоначалникот и им посака добредојде и успешна работа на форумската сесија за Општинскиот буџет за 2023 година. Модераторката им се заблагодари на граѓаните за присуството на сесијата, која овозможува директно учество на граѓаните во процесот на донесувањето одлуки на локално ниво, транспарентно и отчетно работење на општинската администрација и зголемување на довербата во локалната самоуправа.

Модераторката даде збор на Градоначалникот на општина Пехчево г-дин Александар Китански. Градоначалникот ги поздрави присутните, им се заблагодари за присуството и ги поттикна да дадат повеќе идеи за нови проекти кои ќе бидат од големо значење за општината.

Потоа Елица продолжи со презентацијата на форумскиот процес. Ги запозна граѓаните која е целта на форумската сесија, и тоа дека преку буџетскиот форум ќе добијат целосен увид во приходите и расходите на општината и со свои предлози ќе учествуваат во креирањето на општинскиот буџет за 2023год. во рамките на приоритетите за развој на општината за наредната година. Предложените и избрани приоритетни програми и проекти, локалната самоуправа треба да ги има во предвид при изработката на буџетските трошоци за наредната година.

Модераторката ја повика Анетка Цветковска – Советник за јавни набавки во Одделението за финансиски прашања да ги запознае присутните со Процесот на буџетирање и Структурата на буџетот на општина Пехчево. Анетка појани дека Буџетот на општините е план со кој се обезбедуваат средства (приходи) и тие средства (расходи) се користат за да се исполнат целите на општината. Појасни кои се ставките на буџетот, што влегува во приходите, а што во расходите.

По презентацијата на Анетка, модераторката им ги кажа правилата за работа на присутните и ги распредели граѓаните по групи. Направени беа 5 работни маси: Социјална заштита, Урбанизам и Туризам, Млади и Спорт, Образование и култура, Животна средина и комунални дејности.

Секој од присутните запиша во која група сака да работи, односно за која област сака да предложи приоритетен проект .

Додека да се наместат масите, следуваше кафе пауза и присутните разговараа за своите идеи.

По кафе паузата секој од присутните седна во избраната група.

Зема збор Никола Каракашов вработен во општината во ЛЕР и направи еден краток преглед на реализирани приоритетни проекти во 2022год. и приоритети за развој на Општина Пехчево за 2023, се со цел да не се повторуваат на сесијата.

Како приоритетни проекти за 2023 година кои се веќе планирани во буџетот ги кажа:

- Локален пат Чифлик- Умлена – Робово
- Реконструкција на пристапен пат Панчарево

- Реконструкција на 2 улици Чифлик-Умлена-Робово - Реконструкција на спортско рекреативен центар Равна река (12мил.) – обезбедени од МЛС, БРР преку програмата за регионален развој.
- Влез на Пехчево од Делчево

Секоја група имаше можност да предложи по 5 проекти, од кои три ќе ги рангираат како приоритетни. Претставник од групата ги прочита сите 5 предложени проекти и ги образложи, а приоритетните проекти ги издвои за гласање.

**Останатите проекти останувaат како идеја и потреба на граѓаните кои во зависност од повиците и условите во нив ќе бидат апликативни.**

## ПРЕДЛОЖЕНИ ПРОКЕТИ

| Образование и култура | Здравство и социјална заштита | Млади и спорт | Урбанизам и Туризам | Животна средина и комунални дејности |
|---|---|---|---|---|
| **1.Изолација на спортската сала Јане Сандански** | **1. Поставување фотоволтаици на здравствен дом** | **1.Фитнес на отворено** | 1.Реконструкција на жтачки водовод | 1. Доградба на предталожникот на филтер станица и нова филтер станица |
| 2.Изградба на санитарни јазли во Пу. Во с.Црник | **2. Набавка на термална пумпа** | 2. Да се најде тренер за фудбал, ракомет заради спортски активности | 2.Проектна документација за регулација на речното корито на Равна река | **2. Изградба на атмосферска канализација** |
| **3. Сала за состаноци, промоции и венчавки** | 3. Набавка на теренски возила во ИМП | **3. Да се изврши реконструкција на парк Езерце и адреналинската патека** | 3. Проектна документација за реконструкција на патот од Пехчево до Равна река (бараки) | 3. Рекоснтрукција на водовод на Жтачки Река и поврзување со филтер станица |
| **4.Реконструкција на просторот зад Д.К Јане Сансански** | 4. Набавка на мамограф | **4. Да се направи Едукативен центар за туризам во Пехчево** | **4. Катче за најмалите** | 4. Реконструкција на Барски Екосистем на Парк Езерце |
| 5. Изградба на детско игралиште во с.Црник | **5. EXO 4D апарат** | 5. Решавање на проблемот со градскиот стадион | **5.Реконструкција на новопробиениот пристапен пат до Воин и Никола јовевски** | **5. Обновување на зелените површини и паркови** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | **6. Довршување на ул.Кадиица** | 6.Набавка на канти за селекција на отпад од домаќинствата |
| | | | | **7. Набавка на ТОІ ТОІ тоалети за во Пехчево (Езерце, градски пазар, Едукативен центар)** |

ИЗГЛАСАНИ ПРИОРИТЕТНИ ПРОЕКТИ ОД СИТЕ ПРОГРАМИ

1. Доградба на предталожник со филтер станица и нова филтер станица
2. Проектна документација за реконструкија на патот од Пехчево до излетничкото место Равна Река (бараки) и од Бараки до Ченгино кале
3. Да се најде тренер за фудбал , ракомет итн. заради школски и спортски активности.

На крајот од форумската сесија модераторката уште еднаш им се заблагодари на присутните за учеството и ги повика да учествуваат на вакви форуми кои придонесуваат за подобар развој на локалната самоуправа.